# Анализа на сцените на сексуалната работа, во два града во Република Македонија

## ( Извештај од истражување)


**Истражувачки тим:**

Борче Божинов (координатор);

Глигор Чанов (квантитативна и квалитативна обработка на податоците) ;

Јулијана Петрушевска (интервјуер);

Миливој Стојковски (интервјуер)


Мај , 2016

**Содржина:**

1. Основа на истражувањето
2. Цел на истражувањето
3. Време и место на истражувањето
4. Применети методи и техники во истражувањето
5. Истражувачки тим
6. Резултати од истражувањето
6.1 Резултати од истражување северозападен дел на Македонија - Гостивар
6.2 Резултати од истражување југоисточен дел на Македонија - Струмица

## 1. Основа на истражувањето :

Досегашната пракса во однос на сервисите од страна на невладините организации кои што им се нудат на заедницата на сексуалните работници ( мажи , жени и трансродни/трансексуални лица), како и сервисите од државните институции во делот на социјалната, правната и здравствената заштита и полициските постапувања, не секогаш се адаптирани на потребите на истите. Од страна на одредени државни институции , владини и политички индивидуи и друштва, сексуалните работници и сексуалната работа е перцепирана како проблематика на која што треба да се делува, но најмногу на превенција од ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции (СПИ), притоа исклучувајќи го моментот на правната и социјална заштита и несоодветното полициско постапување, односно недоизградени ставови и нормативни за третирање на истите.

## 2. Цел на истражувањето

Постоењето на одредени податоци во однос на користењето на социјалните сервиси, сеопфатноста на социјалната и правната заштита, полициското постапување и здравствената заштита, неможе целосно да ја прикаже сликата за заедницата на сексуалните работници во регионите каде е реализирано истражувањето. Тоа во основа се должи на непрепознавањето на потребите на самата заедница како од страна на државните институции, делумно и од страна на невладините организации кои што опфаќаат и нудат сервиси на заедницата на сексуалните работници. Покрај основната цел на истражувањето, беа опфатени и други аспекти кои се од интерес за заедницата на сексуални работници, односно делот на доброволната сексуална работа, препознавањето на дискриминацијата, познавањето на основните човекови права и познавањата од правата за социјална заштита.

## 3. Време и место на оддржување

Истражувањето се спроведе во периодот од Април-Мај 2016 година во два региони во Република Македонија. Еден дел се спроведе во северозападниот дел на Македонија, односно градот Гостивар, каде што беа опфатени 20 лица од заедницата на сексуални работници. Вториот дел се

спроведе во југоисточниот дел на Македонија, односно градот Струмица, каде што беа опфатени 20 лица од заедницата. Овие два града беа таргетирани како градови кои имаат развиено програми за пружење услуги и сервиси на сексуални работници. И во двата града, беа опфатени сексуални работници од отворена и затворена сцена, што во основа се покажа реалната слика за сексуалната работа, третманот на сексуалните работници како и основните познавања од областите кои беа опфатени со истражувањето.

## 4. Применети методи и техники во истражувањето

При ова истражување, се користеше методот анкета во хартиена форма. Самиот процес на спроведување на анкетата се одвиваше на стандарден начин односно подготовка на прашањата во анкетата, избор на начинот на распространување на анкетата, распространување на анкетата и прибирање и анализа на податоците добиени од истата.

Поради специфичноста на самата заедница, недовербата, стравот од злоупотреба од страна на надворешни лица, како интервјуери беа ангажирани лица кои што се хонорарно ангажирани во организации кои нудат директни сервиси на самата заедница. Пред започнување на спроведување на анкетните прашалници, двајцата интервјуери поминаа претходна обука за спроведување на истите.

Анкетниот прашалник се спроведе анонимно, а дискрецијата е загарантирана.

## 5. Истражувачки тим

Во спроведувањето на ова истражување учествуваа:

Борче Божинов- Координатор на истражувањето;

Глигор Чанов- квантитативна и квалитативна обработка на податоците;

Јулијана Петрушевска- интервјуер;

Миливој Стојковски- интервјуер;

## 6. Резултати од истражувањето

## 6.1Резултати од истражување северозападен дел на Македонија -Гостивар

### 6.1.1 Демографски податоци

Опфатени 20 сексуални работници на територија на градот Гостивар и околината.

1. Пол/род

| Пол | Број | % | Род | Број | % |
|---|---|---|---|---|---|
| Женски | 20 | 100 % | Женски | 20 | 100 % |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Машки | / | / | Машки | / | / |
| | | | Трансродно | / | / |

Главната специфика во однос на сцената за сексуалната работа е доминантноста на женската сексуална работа за разлика од машката, односно трансродовата.

2. Година на раѓање

| Година на раѓање | Број | % |
|---|---|---|
| 1975-1980 | 3 | 15 |
| 1981-1986 | 8 | 40 |
| 1987-1992 | 5 | 25 |
| 1993-1998 | 4 | 20 |

Најголемиот процент на испитаничките е со година на раѓање од 1981- 1986 , а средната старосна година на учесничките изнесува 29 години.

3. Етничка припадност

| | Број | % |
|---|---|---|
| Македонска | 5 | 25 |
| Албанска | 3 | 15 |
| Ромска | 9 | 45 |
| Бошњачка | 1 | 5 |
| Турска | 2 | 10 |
| Српска | / | / |
| Останато | / | / |
| Вкупно | 20 | 100 |

Што се однесува до етничката припадност на испитаниците, најголем процент односно 45 % од истите се од ромска националност, потоа следуваат испитаници од македонска националност односно 25 %, испитаници од албанска националност односно 15 % , турска националност со 10 %, и еден испитаник односно 5 % од бошњачка националност.

4. Вероисповед

| | Број | % |
|---|---|---|
| Православна | 5 | 25 |
| Католичка | / | / |
| Исламска | 15 | 75 |
| Протестантска | / | / |
| Атеист | / | / |
| Незнам | / | / |
| Вкупно | 20 | 100 |

Од вкупниот број испитаници 75 % се со исламска вероисповед, 25 % се со православна вероисповед.

5. Образование

| | Број | % |
|---|---|---|
| Без образование | / | / |
| Незавршено основно образование | / | / |
| Завршено основно образование | 7 | 35 |
| Незавршено средно образование | 4 | 20 |
| Завршено средно образование | 9 | 45 |
| Студент | / | / |
| Незавршено високо образование | / | / |
| Завршено високо образование | / | / |
| Вкупно | 20 | 100 |

Најголем дел од испитаниците се со завршено средно образование односно 45 %, најмал процент се со незавршено средно образование односно 20%, додека останатиот дел односно 35 % се со завршено основно образование.

6. Работен статус

| | Број | % |
|---|---|---|
| Вработен | / | / |
| Невработен | 2 | 10 |
| Привремено вработен | / | / |
| Работи непријавено | 18 | 90 |
| Вкупно | 20 | 100 |

Во однос на работниот статус, дури 90 % се активно работни личности кои што работат непријавени, а останатиот дел односно 10 % се невработени.

7. Брачен статус

| | Број | % |
|---|---|---|
| Сам/а | 11 | 55 |
| Во брак | 1 | 5 |
| Партнерство | / | / |
| Разведен/а | 6 | 30 |
| Останато | 2 | 10 |
| Вкупно | 20 | 100 |

Што се однесува до брачниот статус најголем број од испитаниците се сами дури 55 %, потоа следува бројот на испитаници кои се разведени, бројот на испитаници кои во прашањето за брачен статус се изјасниле како живеење во вонбрачна заедница со 10 % и само едно лице се изјаснило дека живее во брак .

8. Со кого живее ?

| | Број | % |
|---|---|---|
| Сам/а | 5 | 25 |
| Пријател/и | 12 | 60 |
| Со роднини | / | / |
| Семејство | 3 | 15 |
| Останато | / | / |
| Вкупно | 20 | 100 |

Дури 60 % од испитаниците одговориле дека живееат со пријатели, по нив следуваат испитаниците кои што живеат сами односно 25 %. Податоците укажуваат на неприфаќањето на сексуалните работници, како од страна на нивните семејства така и од страна на роднините, но секако и голем дел ја покажува сликата за принудното или доброволно живеење со други лица кои што имаат слично или исто размислување во однос на сексуалната работа. Со најмал процент се опфатени лицата кои што живеат со семејства односно 15 %.

Како што претходно е спомнато, овој дел се однесува на сексуални работници опфатени на територијата на град Гостивар и околината. Сите 20 испитаници се со место на живеење во Гостивар. На прашањето “Колку деца имаат”, 50 % од испитаниците одговориле дека немаат деца, но исто така 50 % одговориле дека имаат 1 или 2 деца. На прашањето за здравствено осигурување 95 % одговориле дека имаат покриено здравствено осигурување, но едно лице односно 5% одговорил дека нема здравствено осигурување. Од вкупниот број на испитаници 45 % се корисници на социјална помош, додека останатиот процент односно 55 % не се корисници на социјална помош и покрај претходно добиениот податок дека на ниту еден испитаник не му е регулиран работниот статус. Овој извештај укажува дека сексуалните работници имаат познавање во однос на остварување на правото за стекнување на здравствена заштита.

## 6.1.2 Социјална и правна заштита , социјални услуги и полициско постапување

Во делот на социјалната и правната заштита, социјалните услуги и полиското постапување, беа опфатени прашања поврзани со користење на социјалните услуги од страна на сексуалните работници, односот на институциите кон нив, односот на претставниците на Министерството за внатрешни работи, како и користење на правните услуги од државниот и невладининиот сектор. Со првото прашање односно “Дали сте биле жртва на дискриминација заради вашиот статус како сексуален работник во процесот на остварување на социјална заштита “25 % го потврдија истото, поголем е бројот кој што никогаш не биле жртви на дискриминација односно 45 %, но одговорот за непрепознавањето на дискриминација заедно со потврдниот број односно 30 % и 25 % го надминува бројот на испитаниците кои го негирале постоењето на дискриминацијата. Ова претставува уште еден показател дека сексуалните работници немаат еднаков третман во остварувањето на социјалната заштита. Од вкупниот број на оние кои претпреле дискриминација дури 45 % не сакале да одговорат дека ја пријавиле дискриминацијата, а 40 % од нив не ја пријавиле истата. Само 15 %

односно тројца испитаници дискриминацијата ја пријавиле во Центарот за социјална работа. Од бројот на испитаниците кои се соочиле со дискриминација но не ја пријавиле или не сакале да одговорат, најголемиот број како причина за истата ја навеле недовербата кон институциите 75 %, но и стравот од штетните последици 25 %. На прашањето "Дали користеле социјална услуга во локална заедница", од сите наведени услуги ( Дневна болница, центри за рехабилитација , ресоцијализација , народни кујни , советувалишта, тераписки центри , СОС поддршка, центри за образовна програма) дури 95 % одговориле негативно, иако имале потреба од истите. Само еден испитаник односно 5% одговорил дека бил корисник на народна кујна. Испитаникот кој одговорил потврдно односно дека бил корисник на народна кујна одговорил дека немал дискриминација при користење на сооцијалната услуга, но од друга страна не бил задоволен од односот на стручната служба, што покажува на податок дека лицето можеби не ни можело да ја препознае дискриминацијата која му се случила при корисетење на услугата. Дури 100 % од испитаниците одговориле негативно на прашањето" Дали во вашето место на живеење/ работење постои државна институција која може да одговори на потребите на сексуалните работници", за разлика од прашањето" Дали знаете во вашето место на живеење/ работење постои невладина организација која може да одговори на потребите на сексуалните работници". Дури 100 % од испитаниците одговориле потврдно, и истите ја навеле невладината организација "Хелп" како единствена организација од тој град која може да ги задоволи потребите на сексуалните работници, и најчесто испитаниците како услуги ги навеле : Помош при вадење на лични документи, правни советувања, пристап до бесплатни кондоми, бесплатни гинеколошки прегледи како и хигиенските пакети кои што ги добиваат од истата.

На прашањето "Дали сметате дека сте биле жртва на насилство", дури 70 % одговориле потврдно, и тоа најголем број од испитаниците го навеле физичкото насилство, по него следува вербалното насилство , но биле присутни и психолошкото и сексуалното насилство. Од сите испитаници кои биле жртви на насилство, 92 % не го пријавиле насилството во институција или организација. Еден испитаник од оние кои доживеале насилство пријавил во надлежна институција но не бил задоволен од третманот и постапувањето кон пријавата. Покрај општото насилство на кои што биле изложени сексуалните работници, 30 % односно шест испитаници од вкупниот процент на испитаници биле и жртва на семејно насилство. Од оние испитаници кои биле жртва на насилство само 33 % односно 2 лица го пријавиле семејното насилство во полиција, но и двата испитаника не биле задоволни од третманот и постапувањето на институцијата.

На прашањето "Дали имаат побарано бесплатна правна помош од граѓанско здружение", сите испитаници одговориле негативно, што се надоврзува со прашањето во однос на довербата во граѓанските здруженија во остварувањето и заштитата на нивните права каде што 90 % одговориле негативно, и само 10 % од испитаниците ја потврдиле довербата кон истите.

На прашањето "Дали сте имале контакт со полициски службеник/ци надвор од полициска станица? " 25 % од испитаниците го потврдиле тоа, но 75 % одговориле негативно на истото. Од испитаниците кои имале контакт со полиција 40 % биле задоволни од односот на истата , додека 60 % не биле задоволни од нивниот однос. Истите имале забелешки во најголем дел во однос на дискриминација заради статусот на сексуален работник, но има забелешки и во однос на ненавременето и неефикасно постапување и несоодветниот однос на службеникот/ците. Сите испитаници кои имале контакт со полициски службеник/ци надвор од полициска станица потврдиле дека истите се легитимирале, и дека истите извршиле преглед односно визуелна проверка кон нив и кон нивниот

личен багаж и облека и истите го негирале моментот на пружање сила. На прашањето "Дали сте пријавиле случај каде што сте бил жртва на кривично дело во полициска станица или невладина организација", само едно лице го потврдило истото, и навело дека истото го сторило во невладина организација. На прашањето "Доколку не сте пријавиле случај каде што сте биле жртва на кривично дело, која е причината за тоа ", 75 % од вкупниот број на испитаници го навеле немањето доверба во полицијата, а 25 % го навеле стравот од штетните последици доколку го сторат истото. На прашањето" Дали имате доверба во полицијата дека ќе ве заштити Вас, Вашите права кога ќе имате потреба од истото" дури 100 % одговориле негативно.

### 6.1.3 Здравствена заштита

Со истражувањето кое се спроведе во делот за здравствена заштита, 100 % од испитаниците негирале дека им била попречена посета на здравствен преглед во одредена здравствена институција. Од вкупниот број на испитаници, 60 % потврдиле дека ги добиле информациите целосно како и објаснувањето во однос на нивната здравствена состојба, резултатите од секоја процедура или дијагноза. Само 40 % го негирале истото. Најголем дел од испитаниците односно 60 % потврдиле дека имале добиено препораки и објаснувања во однос на последици што би можеле да настанат доколку се превземат одредени мерки и добиле препораки до програми за рехабилитација. Останатиот дел од испитаниците, односно 40 % го негирале истото. Сите испитаници навеле дека никогаш досега нивното медицинско досие односно здравствената легитимација, резултати од извршени испитувања или историја на болест не им било споделено со останати лица без нивна согласност. Во прашалникот сите испитаници на прашањето "Дали досега Ви била извршена медицинска интервенција без нивна согласност" одговориле негативно, но исто така одговориле негативно и во однос на прашањето" Дали досега биле принудени да се лекувате или да бидете вклучени на програми за рехабилитација без Ваша согласнот". Досега ниту еден испитаник немал пријавено одредено прекршување на правото на пациент во државна институција или невладина организација.

### 6.1.4 Доброволна сексуална работа

На прашањето "На колку години започна да се занимаваш со сексуална работа", 60 % од испитаниците одговориле дека со истата започнале да се занимаваат пред 18-та година. Еден од испитаниците навел дека со сексуална работа започнал на 13-та година. Останатиот дел од вкупниот број на испитани навеле дека започнале со сексуална работа по 18-та година , односно навеле од 18-22 –та година. Како причина за изборот на сексуалната работа ги навеле добрата и лесна финансиска заработа, но и причината дека тоа е единственото нешто кое што би можеле најдобро да го работат. Испитаниците кои што беа опфатени со истражувањето во најголем број односно 90% навеле дека доброволно започнале да се занимаваат со сексуална работа, само 10 % навеле дека присилно биле вклучени во истата. Од истражувањето се покажа дека сексуалните работници сеуште се затворена група, и не сакаат да зборуваат сеуште за работата која што ја избрале, односно дури 65 % навеле дека за нивниот избор знаат само нивните пријатели, само еден испитаник навел дека знае и неговото семејство, двајца испитаници навеле дека никој незнае и двајца испитаници навеле дека за

нивниот избор на работа знаат сите. Испитаниците изјавиле дека сексуалната работа им е единствен извор на егзистенција и тоа дури 90 % од нив, само двајца испитаници не сакале да одговорат на истото. Како најчести начини за пронаоѓаање на нивните клиенти ги навеле локалните кафеани, дури 60 % , а останатите навеле дека нивните клиенти ги наоѓаат на улиците, како и по препораки. Интересен е податокот дека дури 90 % од испитаниците изјавиле дека немаат макро или "човек" кој ги "заштитува". На прашањето "Колку клиенти опфаќаш во просек", 65 % одговориле дека опфаќаат по еден или двајца клиенти , но останатите испитаници одговориле дека опфаќаат 3 и повеќе клиенти. На 85 % од испитаниците им била понудена работа во ноќни барови и хотели. Дури 85 % од испитаниците навеле дека при вршењето на услугата, нивните клиенти ги присилиле на услуга без заштита.

И покрај пристисоците , насилството и принудата која што сексуалните работници ја доживуваат, дури 85 % одговориле дека никогаш не би се откажале од сексуалната работа. Останатиот процент навеле дека би се откажале, но во случај само кога би имале подобро платена работа. Сите испитаници кои што беа вклучени во истражувањето одговорија потврдно на прашањето" Дали сте за легализација на сексуалната работа", иако истите не покажаа знаење во однос на можните штетни последици или бенефити од таквиот начин на регулација на сексуалната работа во нивниот регион.

## 6.2 Резултати од истражување југоисточен дел на Македонија – Струмица

### 6.2.1 Демографски податоци

Опфатени вкупно 20 сексуални работници на ниво на град Стумица и околината.

1. Пол/род

| Пол | Број | % | Род | Број | % |
|---|---|---|---|---|---|
| Женски | 8 | 40 | Женски | 9 | 45 |
| Машки | 12 | 60 | Машки | / | / |
| | | | Трансродно | 11 | 55 |

Главната специфика во однос на сцената за сексуалната работа е постоењето на женската сексуална работа, но и опфатот на трансродни сексуални работници.

2. Година на раѓање

| Година на раѓање | Број | % |
|---|---|---|
| 1957-1962 | 7 | 35 |
| 1963-1968 | 3 | 15 |
| 1969-1974 | / | / |
| 1975-1980 | 4 | 20 |
| 1981-1986 | 2 | 10 |
| 1987-1992 | 4 | 20 |
| 1993-1998 | / | / |

Најголемиот процент од испитаниците се со година на раѓање од 1957- 1962 , а средната старосна година на учесниците изнесува 44 години.

3. Етничка припадност

| | Број | % |
|---|---|---|
| Македонска | 14 | 70 |
| Албанска | / | / |
| Ромска | / | / |
| Бошњачка | / | / |
| Турска | 6 | 30 |
| Српска | / | / |
| Останато | / | / |
| Вкупно | 20 | 100 |

Што се однесува до етничката припадност на испитаниците, најголем проценет односно 70 % од истите се од македонска националност , потоа следуваат испитаници од турска националност, односно 30 %.

4. Вероисповед

| | Број | % |
|---|---|---|
| Православна | 14 | 70 |
| Католичка | / | / |
| Исламска | 6 | 30 |
| Протестантска | / | / |
| Атеист | / | / |
| Незнам | / | / |
| Вкупно | 20 | 100 |

Од вкупниот број испитаници 70 % се со православна вероисповед, 30 % се со исламска вероисповед.

5. Образование

| | Број | % |
|---|---|---|
| Без образование | 3 | 15 |
| Незавршено основно образование | 2 | 10 |
| Завршено основно образование | 5 | 25 |
| Незавршено средно образование | / | / |
| Завршено средно образование | 10 | 50 |
| Студент | / | / |
| Незавршено високо образование | / | / |
| Завршено високо | / | / |

| | | |
|---|---|---|
| образование | | |
| Вкупно | 20 | 100 |

Најголем дел од испитаниците се со завршено средно образование односно 50 %, потоа следуваат испитаниците со завршено основно образование со 25 %, испитаниците без образование односно 15 %, и испитаниците со незавршено основно образование со 10 %.

6. Работен статус

| | Број | % |
|---|---|---|
| Вработен | 9 | 45 |
| Невработен | 9 | 45 |
| Привремено вработен | 2 | 10 |
| Работи непријавено | / | / |
| Вкупно | 20 | 100 |

Во однос на работниот статус опфатени се 45 % вработени лица , 45 % невработени и само двајца испитаници кои се привремено невработени.

7. Брачен статус

| | Број | % |
|---|---|---|
| Сам/а | 10 | 50 |
| Во брак | 2 | 10 |
| Партнерство | / | / |
| Разведен/а | 8 | 40 |
| Останато | / | / |
| Вкупно | 20 | 100 |

Што се однесува до брачниот статус најголем број од испитаниците живеат сами дури 50 %, потоа следува бројот на испитаници кои се разведени 40 % , и само две лица се изјасниле дека живеат во брак .

8. Со кого живее ?

| | Број | % |
|---|---|---|
| Сам/а | 12 | 60 |
| Пријател/и | / | / |
| Со роднини | 1 | 5 |
| Семејство | 7 | 35 |
| Останато | / | / |
| Вкупно | 20 | 100 |

Најголем дел од сексуалните работници во Струмица навеле дека живеат сами 60 %, потоа следуваат лицата кои што живеат со семејството 35 % , и само едно лице навело дека живее со роднини.

Од вкупниот број на испитаници 35 % навеле дека немаат деца, останатите 60 % навеле дека имаат едно или две деца, само едно лице навело дека има 3 деца. На прашањето за здравствено

осигурување 50 % потврдиле дека имаат здравствено осигурување, 45 % дека немаат здравствено осигурување , само едно лице неможело да даде одговор на истото. На прашањето за користење на социјална помош 20 % од испитаниците навеле дека се корисници на социјална помош , 40% навеле дека не се корисници на социјална помош, останатите испитаници немале одговор на истото прашање.

## 6.2.2 Социјална и правна заштита , социјални услуги и полициско постапување

Во овој дел на истражувањето, на првото прашање "Дали досега сте биле жртва на дискриминација заради вашиот статус во остварување на социјалната заштита" за разлика од испитанците од Гостивар потврдно одговорија 35%, 20 % од испитаниците негирааа, додека останатиот дел односно 40% несакаа или немаа одговор на ова прашање. Само едно лице навело дека неможело да препознае дискриминација. Од оние испитаници кои претрпеле дискриминација само четири испитаници ја пријавиле дискриминацијата, и истото го сториле во невладиниот сектор поточно во "Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници". Останатите кои не ја пријавиле дискриминацијата, причина за непријавување на истата ја навеле недовербата во институциите. На прашањето "Дали сте користеле социјална услуга во локалната заедница" 95 % од испитаниците навеле дека не користеле иако имале потреба, само еден испитаник навел дека бил корисник на центар за рехабилитација и притоа не бил дискриминиран при користење на истата и бил задоволен од односот на стручната служба. На прашањето "Дали знаете во Вашето место каде што живеете/работите дали постои државна институција која може да одговори на потребите на сексуалните работници " 90 % од испитаниците одговориле негативно , само двајца испитаници односно 10 % одговориле потврдно без да наведат за каква институција се работи. За разлика од ова прашање на наредното прашање " Дали знаете во вашето место на живеење/ работење дали постои невладина организација која може да одговори на потребите на сексуалните работници" 100 % од испитаниците потврдиле и ја навеле невладината организација "Избор" и како услуги ги навеле психо-социјалните услуги, едукативните работилници, пристапот до бесплатни кондоми и лубриканти, гинеколошките прегледи, тестирањето за Хив, како и хигиенските пакети кои ги добиваат од истата.

Насилството за разлика од испитаниците од Гостивар е повеќе застапено кај сексуалните работници од Струмица. На прашањето "Дали сметате дека сте биле жртва на насилство заради вашиот статус како сексуален работник", дури 100 % од испитаниците одговориле потврдно. Како форма за насилство ги навеле скоро сите, и тоа: Физичко- 85 %, Психолошко – 80 %, Вербално – 45 %, Сексуално – 60 %. Насилството кое го доживеале дел од испитаниците, односно 33 % го пријавиле во полиција, 16 % го пријавиле во невладина организација ( Избор и ХОПС- опции за здрав живот), но 50 % од испитаниците жртви на насилство не го пријавиле истото. Сите испитаници кои го пријавиле насилството во полиција се изјасниле дека пријавените случаи не добиле правна разрешница.

На прашањето "Дали сметате дека сте биле жртва на семејно насилство", 55 % од испитаниците одговориле потврдно, а 45 % одговориле дека не биле жртви на насилство. Од вкупната бројка на испитаници жртви на семејно насилство, 50 % насилството го пријавиле во полициска станица, 40 % го пријавиле во невладина организација ( Избор ) , 10 % не го пријавиле истото. Од испитаниците кои

го пријавиле семејното насилството, само едно лице било задоволно од третманот и постапувањето на институцијата/организацијата, останатите одговориле негативно . Од вкупниот број испитаници само двајца испитаници побарале беплатна правна помош од граѓанско здружение , но само еден испитаник бил задоволен од добиената помош.

За разлика од Гостивар, сексуалните работници во Струмица имаат помала доверба во граѓанските здруженија во однос на остварување и заштита на нивните права , дури 95 % одговориле негативно на прашањето.

На прашањето "Дали некогаш сте имале контакт со полициски службеник/ци надвор од полициска станица", 100 % од испитаниците одговориле потврдно. Само 20 % биле задоволни од нивниот однос. Останатите 80 % кои биле незадоволни од односот на полицијата кон нив, како основна причина ја навеле дискриминацијата заради нивниот статус на сексуални работници дури 75%. 10 % навеле ненавремено и неефикасно постапување, 10 % укажале на несоодветниот однос од страна на полицискиот службеник, и само еден испитаник неможел да одговори на ниту еден од предложените одговори, но ниту сакал да ја објасни причината. Во однос на легитимирањето, 90 % од испитаниците потврдиле дека полицискиот службеник/ци им се легитимирале, 10 % го негирале истото. Вкупно 85 % од испитаниците негативно одговориле дека им бил извршен преглед, само 15 % го потврдиле истото. Само врз еден испитаник, полициски службеник/ци пружиле неоснована или прекумерна сила. Истото лице неоснованата или прекумерна сила ја има пријавено во "Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници".

На прашањето "Дали досега сте пријавиле случај каде што сте биле жртва на кривично дело во полициска станица или невладина организација", 15 % го пријавиле во полициска станица, 35 % го пријавиле во невладина организација, 50 % не пријавиле. Најголем дел односно 90 % од оние кои не пријавиле случај каде што биле жртви на кривично дело, како причина ја наведуваат недовербата во полицијата, кај 10 % основна причина бил стравот од штетни последици.

Недовербата кон полицијата дека ќе ги заштити сексуалните работници и нивните права , се потврдува со прашањето "Дали имате доверба во полицијата дека ќе Ве заштити Вас , Вашите права кога ќе имате потреба од тоа" , 100 % од испитаниците одговориле негативно .

### 6.2.3 Здравствена заштита

Од вкупниот број на испитаници, само на едно лице му била попречена посета на здравствен преглед во здравствена институција, останатитите испитаници го негирале истото . Поголем дел од испитаниците односно 75 % потврдиле дека добиле целосни информации и објаснување во однос на нивната здравсвена состојба, резултат од секоја процедура или дијагнозна. Само 25 % не потврдиле дека добиле целосни информации или резултати. На вкупно 80 % од испитаниците им биле објаснети последиците што би можеле да настанат од одредени медицински интервенции, а воедно добивале и препораки за истите, како и препораки до програми за рехабилитација. Вкупно 20 % од испитаниците го негирале истото. Кај тројца испитаници имало случај на споделување на медицинско досие односно здравствена легитимација, резулатати од извршени испитувања или историја на болест со останати лица без нивна согласност. Останатите испитаници одговориле

негативно. Кај едно лице од вкупниот број на испитаници била извршена медицинска интервенција без негова согласност. Ниту еден испитаник не бил принуден да се лекува или да биде вклучен на одредена програма за рехабилитација без негова согласност. Само еден испитаник имал досега пријавено одредено прекршување на право на пациент, и истото го сторил кај Директор на здравствена установа. Останатите негирале пријавување на прекршување на право на пациент.

### 6.2.4 Доброволна сексуална работа

За разлика од Гостивар, во регионот на Струмица 20 % од вкупниот број на испитаници со сексуална работа почнале да се занимаваат под 18-та година. Еден испитаник навел дека првото работно искуство како сексуален работник му било на 12 годишна возраст. Останатиот дел на испитаниците првото работно искуство го имале од 18-та до 33-та година од својот живот.

Како основна причина ги наведуваат финансиите, и фактите дека се најдобри во таа работа и дека можат да заработат многу повеќе од било која друга работа.

Сите испитаници навеле дека доброволно започнале со сексуалната работа. За нив како сексуални работници, за разлика од Гостивар, покрај пријателите за голем дел односно 45 % навеле дека знае и семејството. Само едно лице од вкупниот број на испитаници навело дека сексуалната работа не му е единствен извор за егзистенција, останатите ја навеле сексуалната работа како единствена работа која ја работатат .

На прашањето “Како најчесто ги пронаоѓаш клиентите”, исптаниците ги навеле социјалните мрежи, приватните контакти, како и работата на улица, што практично го покажува опфатот на сексуални работници од отворена и од затворента сцена. Вкупно 80 % од испитаниците одговориле дека имаат макро или “човек” кој ги “заштитува”.

Од сите интервјуирани, 35 % навеле дека дневно опфаќаат 1 или 2 клиенти, 65 % од испитаниците навеле дека опфаќаат 3 и повеќе клиенти дневно.

На прашањето “Дали ви била понудена работа во барови и хотели” 90 % од испитаниците дале потврден одговор.

Дури 65 % од испитаниците биле присилени од страна на клиентите да извршат услуга без заштита, само 35 % негативно одговориле на истото прашање.

Што се однесува до прашањето “Дали би се откажале од сексуалната работа” постои поделеност во одговорите за разлика од Гостивар. Вкупно 35 % би се откажале од сексуалната работа, без никакво образложување. Останати 65 % одговориле негативно на истото прашање.

За разлика од претходното прашање во однос на прашањето “Дали сте за легализација на сексуалната работа”, сите испитаници одговориле потврдно без притоа да покажат знаење во однос на можните штетни последици или бенефити од таквата регулација, исто како и кај сексуалните работници кои оперираат на територија на градот Гостивар.

## 7. Заклучоци и препораки

Од вкупниот број на учесници во анализата на сцените на сексуалните работници во двата региони, се дојде до заклучок дека најголем дел од испитаниците - сексуални работници, неможат да ја препознаат дискриминацијата. Тоа укажува на малиот број на познавања по прашање на основните човекови права како и правата во социјалната заштита.

Покрај непознавањето на правата, се покажува дека сексуалните работници немаат познавања и од достапните сервиси кои би можеле да ги искористат во социјалната заштита, како и недоволната подготвеност и мотивација за користење на истите. Истражувањето укажува дека е потребно унапредување на довербата кај сексуалните работници кон невладините организации, но од друга страна се наведува големата потреба на сервисите кои ги нудат истите.

Како проблем се истакнува насилството во разни облици, односно физичко, психолошко, вербално и сексуално. Голем број од испитаниците биле жртви на насилство, но исто се наведува дека еден голем дел биле и жртви на семејно насилство.

Полициското постапување претставува исто така проблем кај самите сексуални работници. Сето тоа го покажува големиот процент на испитаници кои не биле задоволни од постапувањето на полициските службеници, и како најголема забелешка ја наведуваат дискриминацијата заради статусот на сексуален работник. Понатаму, негативната перцепција кон сексуалната работа и законската регулатива резултира со затвореност на сексуалните работници, односно отвореност само кон пријателите и мал дел кон семејството.

Свесноста во однос на заштитата од пренос на ХИВ/СИДА и сексуални преносливите инфекции, како и агресивниот третман на клиентите на сексуалните работници го покажува одговорот на прашањето за присилување при давање услуга без заштита.

Кај најголемиот дел од испитаниците се покажа дека сексуалната работа им е единствен извор за егзистенција, и во најголем број не би се откажале од истата. Сите испитаници имаат потврдно одговорено дека се за легализација на сексуалната работа, но истите не ги разбираат штетните последици или можни бенефити од истата.

Тргнувајќи од горенаведеното, се дојде до еден општ заклучок дека е потребно надградување на постоечкиот стратешки пристап во однос на сервисите кои што им се нудат на сексуалните работници, остварувањето и заштитата на нивните човекови права треба да ги инкорпорираат следните клучни интервенции , кои се однесуваат на ситуациите и структурите од било која форма, во намалувањето на маргинализирањето на заедницата на сексуални работници :

- Подобрување на соработката со социјалните сервиси и останатите релеванти фактори од локалната самоуправа;
- Сензибилизација на експертите од социјалната, правната заштита, како и запознавање со потребите на сексуалните работници;

- Унапредување на знаењето на сексуалните работници, во однос на основните човекови права и правата од социјална заштита;
- Градење на стратегија за намалување на насилството кон сексуалните работници;
- Сензибилизација на полициските службеници, како и запознавање со потребите на сексуалните работници;
- Проширување на активностите на СТАР-СТАР во двата региони преку свои членови, со цел зголемување на довербата во остварување на нивните човекови права, како и охрабрување во однос на зголемување на видливоста на сексуалните работници;

*истражувањето е спроведено во рамки на проектот "Јакнење на институционалните капацитети на СТАР-СТАР" поддржан од **Фондацијата Отворено Општество**, и истото е спроведено исклучиво за потребите на организацијата, во однос на понатамошно унапредување и надградување на постоечките активности.